# THE ROLE OF THE PATRONAGE NURSE/TECHNICIAN IN VISITING AND EDUCATING PATIENTS WITH TUBERCULOSIS

**Gordana Panova**
Faculty of Medical Sciences, Gotse Delchev University, Shtip, North Macedonia
gordana.panova@ugd.edu.mk
**Dimitar Kostovski**
dimitar.211618@student.ugd.edu.mk

**Abstract:** This paper explores the role and importance of patronage nurses/technicians in the care of patients with tuberculosis, with a particular focus on their contribution to improving health status and treatment success. The main hypothesis of the research is that patronage nurses significantly contribute to more successful treatment of patients through education, continuous support and monitoring of therapy.
To confirm this hypothesis, a qualitative research approach was applied, through conducting interviews with patronage nurses and patients with tuberculosis. The results show that regular home visits, detailed education about the disease and therapy, as well as the psychosocial support provided by patronage nurses, significantly improve adherence to therapy and result in better health outcomes for patients.
The conclusions of this research confirm the importance of patronage services as a key part of the health system in the fight against tuberculosis. Additionally, it is recommended to strengthen resources and support for patronage teams, in order to ensure an even greater positive effect on treatment and prevention of the spread of the disease.
**Keywords:** patronage nurses, tuberculosis, health education, continuous support, treatment success.

# УЛОГАТА НА ПАТРОНАЖНАТА СЕСТРА/ТЕХНИЧАР ВО ПОСЕТА И ЕДУКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ СО ТУБЕРКУЛОЗА

**Гордана Панова**
Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија
gordana.panova@ugd.edu.mk
**Димитар Костовски**
dimitar.211618@student.ugd.edu.mk

**Апстракт:** Овој труд ја истражува улогата и значењето на патронажните сестри/техничари во грижата за пациентите со туберкулоза, со посебен фокус на нивниот придонес кон подобрување на здравствената состојба и успешноста на лекувањето. Главната хипотеза на истражувањето е дека патронажните сестри значително придонесуваат кон поуспешно лекување на пациентите преку едукација, континуирана поддршка и мониторинг на терапијата.
За потврда на оваа хипотеза беше применет квалитативен истражувачки пристап, преку спроведување на интервјуа со патронажни медицински сестри и пациенти со туберкулоза. Резултатите покажуваат дека редовните домашни посети, деталната едукација за болеста и терапијата, како и психосоцијалната поддршка што ја обезбедуваат патронажните сестри, значително го подобруваат придржувањето кон терапијата и резултираат со подобри здравствени исходи кај пациентите.
Заклучоците од ова истражување ја потврдуваат важноста на патронажните служби како клучен дел од здравствениот систем во борбата против туберкулозата. Дополнително, се препорачува засилување на ресурсите и поддршката за патронажните тимови, со цел да се обезбеди уште поголем позитивен ефект врз лекувањето и спречувањето на ширењето на болеста.
**Клучни зборови:** патронажни сестри, туберкулоза, здравствена едукација, континуирана поддршка, успешност на лекување

## 1. ВОВЕД

Патронажната служба игра клучна улога во јавното здравство, особено во третманот и контролата на заразните болести како што е туберкулозата. Овој труд се фокусира на улогата на патронажните сестри и техничари во посетите и едукацијата на пациентите со туберкулоза, како дел од интегрираниот здравствен систем. Посебен акцент

се става на нивниот придонес во однос на подобрувањето и поттикнување на придржувањето кон терапијата, намалувањето на ширењето на болеста и зголемувањето на свесноста за превентивните мерки.
Туберкулозата останува сериозен јавно-здравствен проблем во многу земји, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија (РСМ). И покрај достапноста на ефективна терапија, проблемот со недоволното придржување кон лекувањето останува значаен предизвик. Недоволното следење на терапевтскиот режим може да доведе до развој на резистентни форми на туберкулоза, што дополнително го комплицира нејзиното лекување и го зголемува ризикот од нејзино проширување во заедницата.
Во овој контекст, патронажните сестри имаат витална улога во обезбедувањето на континуирана поддршка на пациентите. Нивните домашни посети овозможуваат редовно следење на здравствената состојба на пациентите, советување за придржување кон терапијата и навремено идентификување на потенцијални компликации. Преку нивната работа, тие не само што придонесуваат кон индивидуалното здравје на пациентите, туку и кон јавното здравје преку спречување на натамошното ширење на инфекцијата.
Здравствената едукација е уште еден значаен аспект на улогата на патронажните сестри. Пациентите со туберкулоза често имаат ограничени информации за природата на болеста, важноста на терапијата и начините на превенција. Патронажните сестри обезбедуваат насочени и прилагодени информации, со што им помагаат на пациентите подобро да ја разберат својата состојба и да ја зголемат својата свесност за ризиците и заштитните мерки.
Предметот на ова истражување вклучува детална анализа на ефективноста на здравствената едукација што ја спроведуваат патронажните сестри, како и влијанието на редовните домашни посети врз придржувањето кон терапијата. Преку ова истражување се добиваат конкретни податоци за перцепциите на пациентите во однос на патронажната услуга. Се испитува нивното ниво на задоволство, како и степенот на влијание што го имаат овие посети врз нивното здравствено однесување. Ова овозможува подобра проценка на моменталните практики и помага во утврдувањето на областите кои може да се подобрат.
Конечно, ова истражување дава важен придонес кон развојот на идни здравствени иницијативи насочени кон контрола и елиминација на туберкулозата. Јакнењето на улогата на патронажните сестри преку подобрување на нивните услови за работа, обука и ресурси може да има долгорочен позитивен ефект врз здравствениот систем и благосостојбата на пациентите.

## 2. ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Целта на овој труд е да се испита и анализира улогата на патронажната сестра/техничар во процесот на домашна посета и едукација на пациентите со туберкулоза, со посебен акцент на нивниот придонес во подобрувањето на придржувањето кон терапијата, намалувањето на ширењето на болеста и зголемувањето на свесноста за превентивните мерки.
Патронажната служба претставува значаен сегмент во здравствениот систем, особено во однос на ранливите категории на пациенти, какви што се оние со туберкулоза. Со оглед на тоа што оваа болест бара долг и дисциплиниран третман, активната улога на патронажните сестри е клучна во обезбедувањето на континуирана здравствена поддршка, едукација и мониторинг на пациентите. Истражувањето има за цел да ја нагласи важноста на овој пристап, преку анализа на тековните практики и нивната ефективност.

## 3. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Преку овој труд, ќе се истражат следните специфични аспекти:

- **Ефективноста на здравствената едукација спроведена од патронажните сестри кај пациенти со туберкулоза** – Овој дел од истражувањето ќе се фокусира на методите на едукација што ги применуваат патронажните сестри, степенот на разбирање и прифаќање на информациите од страна на пациентите, како и влијанието на едукацијата врз нивните здравствени навики.
- **Влијанието на редовните домашни посети врз исходот од лекувањето и почитувањето на терапијата** – Овој аспект ќе опфати анализа на тоа како честотата на посетите влијае на придржувањето кон терапијата и дали пациентите кои редовно се посетувани од страна на патронажните сестри имаат подобри здравствени резултати.
- **Предизвиците и бариерите со кои се соочуваат патронажните сестри во грижата за пациентите со туберкулоза** – Во овој сегмент ќе се истражуваат потешкотиите со кои се соочуваат медицинските работници при спроведувањето на домашните посети и едукацијата, вклучувајќи ги финансиските, логистичките и културните фактори.
- **Препораки за унапредување на улогата на патронажната служба во спречувањето и контролата на туберкулозата** – Истражувањето ќе има за цел да предложи конкретни мерки и

стратегии кои можат да ја зајакнат улогата на патронажната служба и да ја направат поефикасна во борбата против туберкулозата.

## 4. РЕЗУЛТАТИ

Истражувањето е спроведено преку квалитативен метод, односно со интервјуа со патронажни сестри/техничари како и пациенти кои имаат ТБ. Поконкретно, со цел да се добијат релевантни резултати, истражувањето е спроведено кај:

- Пациенти со дијагностицирана туберкулоза, кои биле вклучени во програми за патронажна нега.
- Патронажни медицински сестри/техничари кои вршат домашни посети.

Во однос на големината на примерокот вклучени се 10 пациенти со туберкулоза и 20 патронажни медицински сестри. Пациентите се избрани со случаен избор од здравствени установи каде што се применува патронажната грижа.

За да се анализира ефективноста на патронажните посети, податоците се собрани преку полуструктурирани интервјуа со учесниците со цел да се стекне увид во нивните гледишта за улогата на патронажната служба во третманот на туберкулозата. Понатаму, квалитативните податоци од интервјуата се анализирани со тематска анализа, со цел да се идентификуваат клучните предизвици и предностите на патронажната служба. Очекувањата од ова истражување беше дека пациентите кои добиваат патронажни посети имаат повисока стапка на завршување на терапијата и помал ризик од повторна инфекција, како и тоа дека патронажната служба има значително позитивно влијание врз менталното здравје и социјалната поддршка на пациентите.

Овој пристап овозможи објективна проценка на улогата на патронажната служба во третманот на туберкулозата и дава препораки за подобрување на оваа здравствена услуга. **Дискусија**

Теренското истражување овозможи длабинска анализа на искуствата и перцепциите на патронажната служба и пациентите кои боледуваат од оваа болест во однос на патронажната служба. Преку интервјуата, добиени се вредни информации за нивото на задоволство, достапноста на услугите и предизвиците со кои се соочуваат овие пациенти.

Наодите покажуваат дека повеќето испитаници ја оценуваат патронажната услуга како корисна, особено за постарите лица и хронично болните пациенти. Тие истакнуваат дека редовните посети од страна на патронажните сестри им помагаат во следењето на нивното здравје и навременото препознавање на потенцијални здравствени проблеми.

Достапноста на патронажните услуги е клучен фактор кој влијае врз задоволството на пациентите. Иако мнозинството интервјуирани изразија позитивни ставови, некои од нив се пожалија на недоволен број патронажни сестри, што резултира со подолги интервали меѓу посетите.

Квалитетот на комуникацијата помеѓу пациентите и патронажните сестри се истакнува како суштински аспект на услугата. Испитаниците генерално се задоволни од односот на здравствените работници, при што особено се ценат емпатијата и професионалниот пристап.

Од друга страна, некои пациенти сметаат дека постои простор за подобрување во однос на деталното информирање за нивните здравствени состојби и препораки за понатамошна нега.

Еден значаен предизвик што го истакнаа интервјуираните пациенти е ограничената достапност на медицински материјали и ресурси. Ова особено се однесува на пациентите со поспецифични потреби, кои често мораат сами да обезбедуваат одредени медицински помагала.

Во однос на ефикасноста на патронажната служба, испитаниците наведуваат дека навремената и редовна услуга значително придонесува за подобрување на нивната здравствена состојба. Сепак, во некои случаи, поради зголемениот број пациенти, доаѓа до доцнење во посетите.

Голем дел од испитаниците ја нагласија потребата за поголема интеграција на патронажната служба со другите здравствени установи. Тие веруваат дека подобра координација помеѓу различните нивоа на здравствениот систем би можела да доведе до поефикасна грижа.

Анализата на одговорите покажува дека пациентите во руралните области имаат поголеми потешкотии во пристапот до патронажните услуги во споредба со оние во урбаните средини. Недостатокот на патронажни сестри во оддалечените региони е еден од најголемите проблеми што ги истакнаа интервјуираните.

Во поглед на препораките за подобрување на услугата, пациентите сугерираат зголемување на бројот на патронажни сестри, подобрување на обуката за комуникација со пациенти и обезбедување на дополнителни ресурси.

Една од клучните предности што ја нагласуваат пациентите е континуитетот на услугата, бидејќи истиот здравствен работник ги посетува во повеќето случаи, што создава чувство на доверба и сигурност.

Некои пациенти истакнаа дека би било корисно доколку патронажните сестри имаат поголеми овластувања во однос на издавање препораки за третман или упатување кон специјалисти, со цел да се намали оптовареноста на примарната здравствена заштита.

Употребата на дигитални технологии во патронажната служба беше спомената како потенцијално решение за подобрување на координацијата и евиденцијата на пациентите, но малкумина испитаници биле запознаени со можностите на таквите системи.

Иако генералната оценка за патронажната услуга е позитивна, анализата укажува на потреба од системски реформи за подобрување на пристапноста, квалитетот на услугата и координацијата меѓу здравствените институции.

Заклучно, интервјуата покажаа дека патронажната служба игра клучна улога во одржувањето на здравствената состојба на пациентите со туберкулоза, но постојат значајни предизвици што треба да се надминат за да се зголеми нејзината ефикасност и достапност за сите категории пациенти.

Главните наоди кои произлегуваат од оваа анализа се:

1.Емпатија и поддршка како клучни фактори во патронажната грижа

- Општо задоволство од грижата – Повеќето пациенти изразија позитивно искуство во однос на поддршката што ја добиле од патронажните сестри. *„Сестрата секогаш беше тука за мене, дури и кога не ми требаше само медицинска помош, туку и збор на утеха“* вели еден пациент.
- Потреба за поголема психосоцијална поддршка – Некои пациенти чувствуваа недостаток на стручна психолошка поддршка. *„Понекогаш е тешко да останеш мотивиран. Би било добро ако има и психолози кои ќе ни помагаат.“* истакнува друг пациент.

2. Предизвици во теренската работа на патронажните сестри

- Нередовност на посетите во руралните средини – Патронажните сестри истакнаа дека пристапот до некои пациенти е ограничен. *„Понекогаш не можеме да стигнеме до пациентите во руралните подрачја навреме, што може да влијае на нивното лекување“* истакнува една сестра.
- Недостаток на ресурси – Недостаток на персонал, финансии и медицинска опрема е еден од главните предизвици. *„Би било многу полесно ако имаме доволно материјали за едукација на пациентите, како брошури и информативни сесии“* истакнува друга сестра.

3.Пациентите како активни учесници во сопственото лекување

- Подобрување на здравствената едукација – Пациентите кои добивале повеќе информации за болеста покажале повисока соработка во третманот. *„Кога сестрата ми објасни како функционираат лековите и зошто е важно да ги земам навреме, повеќе се потрудив да ја следам терапијата“* истакнуваа еден пациент.
- Влијание на семејната поддршка – Пациентите со силна семејна поддршка имаа подобри перцепции за патронажната услуга. *„Семејството ми беше голема поддршка, но и патронажната сестра играше улога во тоа да не се чувствувам осамено “* истакнува еден од интервјуирани.

Оваа анализа покажа дека патронажната служба има значајна улога во третманот на пациентите со туберкулоза, но постојат области кои може да се подобрат, како што се редовноста на посетите, обезбедувањето на дополнителна психолошка поддршка и унапредување на здравствената едукација.

Врз основа на сето ова може да се истакне дека хипотезата на ова истражување е потврдена во текот на истражувањето. Спроведените интервјуа со патронажните сестри/техничари и пациентите со туберкулоза ги потврдуваат почетните претпоставки во рамките на овој труд. Главната хипотеза, според која патронажните сестри значително придонесуваат кон подобрување на состојбата на пациентите со туберкулоза и нивно поуспешно лекување преку едукација и континуирана поддршка, се покажа како точна врз основа на добиените квалитативни податоци.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Туберкулозата останува значаен јавно-здравствен предизвик, особено во средини со ограничени ресурси и зголемен ризик од социјална стигматизација. Ефикасната контрола на оваа болест зависи од интегриран пристап кој ги вклучува навремената дијагностика, соодветниот третман, здравствената едукација и поддршката од патронажната служба.

Во рамките на ова истражување, беше анализирана улогата на патронажните сестри во грижата за пациентите со туберкулоза, при што беа идентификувани клучните предизвици и можностите за подобрување на постојните практики. Главните предизвици вклучуваат недостаток на персонал, ограничени ресурси, проблеми со транспортот до руралните области и социјалната стигматизација. Сепак, преку зајакнување на патронажната служба, подобрување на едукацијата на пациентите и нивните семејства, како

и преку развој на психосоцијални програми, може значително да се подобри квалитетот на грижата за овие пациенти.

Истражувањето укажа на потребата од зголемена соработка помеѓу здравствените институции, пациентите и нивните семејства со цел да се подобри придржувањето кон терапијата и да се намали ширењето на болеста. Директно набљудуваната терапија (DOT) се покажа како ефикасна стратегија за подобрување на исходите од третманот, но нејзината имплементација бара дополнителна логистичка и финансиска поддршка.

Покрај тоа, резултатите од теренското истражување покажаа дека пациентите генерално ја ценат поддршката од патронажните сестри, но истовремено потенцираат потреба од почести домашни посети, подобра комуникација и индивидуализиран пристап кон нивната здравствена состојба.

Соодветната имплементација на предложените препораки може да доведе до значајни подобрувања во јавно-здравствените стратегии за справување со туберкулозата и да придонесе кон намалување на бројот на случаи и подобрување на квалитетот на живот на пациентите.

Препораките за понатамошни истражувања вклучуваат:

- Анализа на долгорочните ефекти на здравствената едукација врз придржувањето кон терапијата.
- Истражување на влијанието на психосоцијалната поддршка врз исходите од третманот на туберкулоза.
- Евалуација на ефикасноста на мобилните здравствени тимови за подобрување на пристапот до руралните подрачја.
- Развој на дигитални решенија (телемедицина, мобилни апликации) за поддршка на пациентите во следењето на терапијата.

Преку натамошни истражувања и континуирани подобрувања во здравствените политики, можно е да се постигнат поефикасни резултати во контролата и третманот на туберкулозата, особено во ранливите популации.

## ЛИТЕРАТУРА

Reid, M., Arinaminpathy, N., Bloom, A., Bloom, B. R., Boehme, C., Chaisson, R., ... & Zumla, A. (2023). Scientific advances and the end of tuberculosis: a report from the Lancet Commission on Tuberculosis. The Lancet, 402(10411), 1473–1498.

Mishra, P., Hansen, E. H., Sabroe, S., & Kafle, K. K. (2005). Socio-economic status and adherence to tuberculosis treatment: A case-control study in a district of Nepal. International Journal of Tuberculosis and Lung Disease, 9(10), 1134–1139.

Hadley, M., & Maher, D. (2000). Community involvement in tuberculosis control: Lessons from other health care programmes. International Journal of Tuberculosis and Lung Disease, 4(5), 401–408.

Maciel, E. L., Vieira, R. C., Milani, E. C., Brasil, M., Fregona, G., & Dietze, R. (2008). O agente comunitário de saúde no controle da tuberculose: conhecimentos e percepções [Community health workers and tuberculosis control: Knowledge and perceptions]. Cadernos de Saúde Pública, 24(6), 1377–1386. https://doi.org/10.1590/S0102-311X2008000600018

Stanhope, M., & Lancaster, J. (2020). Foundations for population health in community/public health nursing (5th ed.). Elsevier.

Smeltzer, S. C., Bare, B. G., Hinkle, J. L., & Cheever, K. H. (2010). Brunner & Suddarth's textbook of medical-surgical nursing (12th ed.). Lippincott Williams & Wilkins.

Lönnroth, K., Castro, K. G., Chakaya, J. M., Chauhan, L. S., Floyd, K., Glaziou, P., & Raviglione, M. C. (2010). Tuberculosis control and elimination 2010-50: Cure, care, and social development. The Lancet, 375(9728), 1814–1829. https://doi.org/10.1016/S0140-6736(10)60483-7

Furin, J., Cox, H., & Pai, M. (2019). Tuberculosis. The Lancet, 393(10181), 1642–1656. https://doi.org/10.1016/S0140-6736(19)30308-3

World Health Organization. (2019). Guidelines on tuberculosis infection prevention and control, 2019 update. World Health Organization.

World Health Organization. (2023). Global Tuberculosis Report 2023. World Health Organization.

World Health Organization. (2017). Guidelines for treatment of drug-susceptible tuberculosis and patient care, 2017 update. World Health Organization.